Влада на Република Северна Македонија

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2026-2028 година

## ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

Скопје, јануари 2026 година



Генералниот секретаријат на Владата како координатор на процесот на стратешко планирање и понатаму продолжува посветено да работи во насока на спроведување на стратешките приоритети на македонската Влада.

Стратешко планирање овозможува да поставиме јасна визија и приоритети кои преку оптимална алокација на ресурсите ги претвораме во посакувана реалност.

Во оваа насока, Стратешкиот план на Генералниот секретаријат 2026–2028 година ја одразува нашата визија за современ, ефикасен, дигитализиран и транспарентен Центар на Владата и претставува мост за спроведување на Програмата за работа на Владата 2024-2028.

Процесот на подготовка на овој среднорочен стратегиско-плански документ беше партиципативен - вработените преку конструктивни идеи го дадоа својот придонес за остварување на приоритетите и целите на институцијата.

Спроведувањето на стратешкиот план очекувам да биде со максимална професионалност и посветеност од страна на сите вработени во Генералниот секретаријат, со почитување на највисоките стандарди на ефикасност, транспарентност и отчетност.

Овој стратешки план е тесно поврзан со Националната развојна стратегија 2024–2044 која ги интегрира Целите за одржлив развој на Обединетите нации како и определбите за членство во Европската Унија, и за чијшто процес на следење на спроведувањето е надлежен токму Генералниот секретаријат на Владата. Оттука, нашата посветеност ќе биде целосна, пример за добро владеење и ориентираност кон резултати што ќе го подобрат квалитетот на живеење на граѓаните, ќе ја зајакнат довербата во институциите и ќе ја водат Македонија кон европската иднина.

**Игор Јанушев, генерален секретар**
**на Владата на Република Северна Македонија**

Igor Janushev

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.01.22 17:17:16 +01'00'

Скопје, јануари 2026 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД

1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ..... 5
1.1. Појдовна основа ..... 5
1.2. Анализа на правната рамка ..... 5
1.3. Анализа на ресурсите ..... 6
1.3.1. Финансиски ресурси ..... 6
1.4. PESTLE анализа ..... 6
1.5. SWOT анализа ..... 8

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА, ЗАДАЧИ, ОБВРСКИ, СПЕЦИФИЧНОСТ И СТРУКТУРА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ..... 10
2.1. Мисија ..... 10
2.2. Визија ..... 10
2.3. Задачи и обврски на Генералниот секретаријат ..... 10
2.4. Специфичност на Генералниот секретаријат ..... 10
2.5. Структура на Генералниот секретаријат ..... 11

3. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ..... 12

4. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА ..... 13
4.1. Програма 1 – Дигитализација ..... 13
4.2. Програма 2 -Стратешко планирање ..... 14
4.3. Програма 3 – Анализа на политиките и координација ..... 16
4.4. Програма 4 – Добро владеење и транспарентност ..... 17

5. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА ..... 18
5.1. Програма 1 – Дигитализација ..... 18
5.2. Програма 2 – Стратешко планирање ..... 19
5.3. Програма 3 - Анализа на политиките и координација ..... 23
5.4. Програма 4 - Добро владеење и транспарентност ..... 24

6. ПРОГРАМИ ..... 30
6.1. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ..... 31
6.1.1. План за спроведување на Програма 1 – Дигитализација ..... 31
6.1.2. План за спроведување на Програма 2 – Стратешко планирање ..... 35
6.1.3. План за спроведување на Програма 3 – Анализа на политиките и координација ..... 41
6.1.4. План за спроведување на Програма 4 – Добро владеење и транспарентност ..... 46

7. ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ..... 55

8. ПРИНЦИП НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ..... 56

9. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ..... 56

10. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ ..... 57

ПРИЛОГ 1: ОБРАЗЕЦ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИЦИ
1-а. Ризици на ниво на стратешки план
1-б. Ризици на ниво на Програма 2 – Стратешко планирање
1-в. Ризици на ниво на Програма 3 – Анализа на политиките и координација

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ГПРВ | Годишна програма за работа на Владата |
| ГС | Генерален секретаријат |
| ЗПВДВ | Заменик на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење |
| КПВРСМ | Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
| МЈА | Министерство за јавна администрација |
| МФ | Министерство за финансии |
| НРС | Национална развојна стратегија 2024-2044 |
| ОДУ | Органи на државна управа |
| САПК | Сектор за анализа на политиките и координација |
| МЕП | Министерство за европски прашања |
| СЗ | Секретаријат за законодавство |
| СИТ | Сектор за информатичка технологија |
| СЈН | Сектор за јавни набавки |
| СНПР | Сектор за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата |
| СППОЈ | Сектор за протокол, преведување и односи со јавност |
| СПР | Сектор за правни работи |
| ССПСНРС | Сектор за стратегија, планирање, следење и Национална развојна стратегија |
| СФР | Сектор за финансиски работи |

# ВОВЕД

Генералниот секретаријат на Владата (во натамошниот текст: Генерален секретаријат) дава стручна и административна поддршка за непречена работа на Владата и е одговорен за координирање на процесот на стратешко планирање на матичните буџетски корисници и во соработка со Министерството за финансии, доставува детални упатства и временски рокови за подготовка на стратешкиот план.

Генералниот секретаријат во рамките на интегрираниот систем на стратешко планирање воедно се грижи за воспоставување и развивање на секторското планирање, обезбедување на унифициран систем за подготвување и следење на спроведувањето на секторските стратегии - согласно Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии.

Стратешкиот план на Генералниот секретаријат за периодот 2026-2028 година, врз основа на утврдените стратешки приоритети и цели на Владата, обезбедува кохерентност во спроведувањето на нејзините политики, како и на политиките предложени од министерствата и другите органи на државната управа.

Првиот дел на Стратешкиот план, дава анализа на состојбите, ги дефинира мисијата и визијата на Генералниот секретаријат, неговите задачи, обврски и структура, како и приоритетите и целите за наредниот тригодишен период. Овој дел, исто така, содржи и осврт на постигнатите резултати во 2024 и 2025 година. Во овој контекст, со Стратешкиот план се дефинирани 4 (четири) стратешки приоритети, во рамките на кои се утврдени вкупно 14 (четиринаесет) цели, соодветно разработени во 4 (четири) стратешки програми и доразвиени во 10 (десет) потпрограми.

Вториот дел од Стратешкиот план, дава преглед на плановите за спроведување на стратешките програми и потпрограми, нивната поврзаност со стратешките приоритети на Владата за 2024 – 2028 година, Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), како и поврзаноста со стратешките приоритети и цели на Генералниот секретаријат.

Останатите делови од Стратешкиот план ги обработуваат прашањата поврзани со човечките ресурси, принципите на правична застапеност, принципите на еднакви можности на жените и мажите, како и заедничките функции, кои ги вклучуваат развивањето на политиките, стратешкото планирање и подготвувањето на буџетот, извршувањето на буџетот и управувањето со средствата, управувањето со човечките ресурси, управувањето со информациските технологии и внатрешната ревизија.

Составен дел на Стратешкиот план се ризиците, кои се утврдени на ниво на план и стратешки програми.

# 1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## 1.1. Појдовна основа

Генералниот секретаријат е стручна служба која обезбедува стручна и логистичка поддршка на Владата, на претседателот на Владата, неговите заменици и министрите, со цел нивно законито, ефикасно и транспарентно работење.

## 1.2. Анализа на правната рамка

Основните правни акти со кои е регулирано функционирањето на Генералниот секретаријат се: Законот за Владата,[1] и Деловникот за работа на Владата.[2]

Дополнително, за спроведувањето на функцијата координатор на процесот на стратешко планирање и негово следење на централно ниво, важни се и следните документи:
- Закон за буџети[3];
- Закон за Националната развојна стратегија[4]
- Деловник за работа на Владата на РС Македонија[5]
- Програма за работа на Владата на РС Македонија 2024-2028 година[6];
- Фискална стратегија на РС Македонија за 2026-2030, април 2025;
- Ревидирана фискална стратегија на РС Македонија за 2026-2030 година, декември 2025;
- Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на РС Македонија[7];
- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа[8];
- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа[9];
- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија[10];
- Национална Програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) ревизија 2021 – 2025[11];

---

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/2018 и Службен весник на РС Македонија бр. 98/19)

[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07. 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13,145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на РС Македонија бр. 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21, 70/22 и 274/24

[3] „Службен весник на РС Македонија“ бр. 203/22, 59/23, 76/24 и 3/2025

[4] „Службен весник на РС Македонија“ бр. 30/24 и 235/2024

[5] „Службен весник на РС Македонија“ бр. 276 од 31.12.2024 година

[6] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vladata-2024-2028.pdf

[7] „Службен Весник на Република Македонија“ бр. 124/08 и 58/18 и „Службен весник на РС Македонија“ бр. 223/19

[8] „Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18

[9] „Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18

[10] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/15 и „Службен весник на РС Македонија“ бр. 222/19

[11] https://www.sep.gov.mk/data/file/NPAA/NPAA%202021/NPAA%202021-2025.pdf

- Национална развојна стратегија 2024 – 2044[12];
- Методологија за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и мултисекторските стратегии[13];
- Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти секторските стратегии[14];
- Други долгорочни и среднорочни стратешки документи на Владата.

## 1.3. Анализа на ресурсите

### 1.3.1. Финансиски ресурси

Генералниот секретаријат се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, а дел од проектите се финансираат и преку средства обезбедени од различни донатори.

## 1.4. PESTLE анализа

Анализата на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори, позната под акронимот PESTLE[15] е метод кој овозможува да се согледа влијанието на надворешните фактори врз работењето на институцијата. Некои од поважните фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Генералниот секретаријат се прикажани во табелата подолу.

[12] „ Службен весник на РС Македонија“ бр. 222/24
[13] Усвоена на 48-та седница на Владата, одржана на 25.5.2022 година
[14] „Службен весник на РС Македонија“ бр. 122/22
[15] Political, Economic, Social, Technological, Legal, Environmental

| Политички фактори | Економски фактори | Социјални фактори | Технолошки фактори | Правни фактори | Еколошки фактори |
|---|---|---|---|---|---|
| ▪ стратешки приоритети и цели на Владата;<br>▪ задолженија од Владата;<br>▪ политичка поддршка и овозможување предуслови за извршување на надлежностите на Генералниот секретаријат;<br>▪ обврски кои произлегуваат од процесот на пристапување во Европската Унија;<br>▪ соработка со останатите институции од Центарот на Влада (МЕП, СЗ, МФ и МЈА) | ▪ расположливи финансиски средства во Буџетот;<br>▪ социо-економски последици од здравствената и енергетската криза;<br>▪ расположливост на финансиски средства од донатори (за проектни активности) | ▪ влијание на граѓанското општество;<br>▪ информирање на медиумите за работата на Генералниот секретаријат | ▪ напредок на технологијата и технолошките процеси | ▪ општи законски и подзаконски акти;<br>▪ усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија;<br>▪ обврски преземени согласно меѓународни договори | ▪ климатски промени;<br>▪ меѓународни и национални стандарди за заштита на животната средина |

*Табела бр. 1: Поважни надворешни фактори кои влијаат врз работењето на Генералниот секретаријат*

## 1.5. SWOT анализа

SWOT[16] или анализа на предностите (силните страни), слабостите (слабите страни), можностите и опасностите (заканите), е метод кој овозможува да се согледа влијанието на внатрешните фактори врз работењето на Генералниот секретаријат, како што е прикажано во табелата подолу

16 Strengths, Weaknesses, Opportunities and Threats

| ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| ▪ политичка поддршка од раководството за стратегиски промени;<br>▪ посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;<br>▪ солидна информатичко-комуникациска основа за дигитално работење;<br>▪ воспоставен функционален систем на стратешко планирање на централно ниво;<br>▪ јаки административни капацитети за стратешко планирање;<br>▪ соодветна правна рамка усогласена со ЕУ легислативата. | ▪ недостаток на човечки ресурси во одделни сектори;<br>▪ недоволна искористеност на функцијата за анализа на политиките; |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ (РИЗИЦИ)** |
| ▪ целосна дигитализација на внатрешните процеси на работа;<br>▪ надградба на знаењата и стручно усовршување на вработените преку обуки во одделни сектори;<br>▪ зајакнување на улогата на Генералниот секретаријат како Центар на Владата;<br>▪ процесот на преговори за членство на Северна Македонија во ЕУ;<br>▪ процесот за реорганизација и оптимизација на јавната администрација;<br>▪ процесот на спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030;<br>▪ процес на спроведување на Националната развојна стратегија 2024 – 2044, следење, известување и оценка. | ▪ зголемен одлив на човечки ресурси од Генералниот секретаријат;<br>▪ зголемен обем на задолженија кои произлегуваат од работата на Владата во целина, а се спроведуваат од страна на Генералниот секретаријат. |

*Табела бр. 2: SWOT анализа*

## 2.1. МИСИЈА, ВИЗИЈА, ЗАДАЧИ, ОБВРСКИ И СПЕЦИФИЧНОСТ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ

### 2.1. Мисија

Со висока професионална грижа и посветеност обезбедуваме стручна и административна поддршка во севкупното работење на Владата, раководејќи се од принципите на интегритет, ефикасност, координираност и усогласеност на политиките. Со нашата професионална компетентеност даваме придонес работењето на Владата да биде ефикасна , транспарентна, отчетна, во служба на граѓаните и севкупниот развој на општеството.

### 2.2. Визија

Ефикасна и дигитализирана централна служба на Владата, препознатлива по ефикасна координација и усогласеност на политиките со визијата за севкупен развој, националните развојни цели, стратешките приоритети и програмските определби на Владата.

### 2.3. Задачи и обврски на Генералниот секретаријат

Задачите и обврските на Генералниот секретаријат, се утврдени со Законот за Владата, Деловникот за работа на Владата и Правилникот за внатрешна организација на Генералниот секретаријат и тие вклучуваат:

- координација на процесот на стратешкото планирање на централно ниво и негово усогласување со буџетскиот процес;
- следење на степенот на реализација на стратешките плански документи;
- остварува соработка и координација со министерствата и другите органи на државната управа и за прашањата за стратешките приоритети на Владата и посебно за спроведувањето на Рамковниот договор, го координира предлагањето, донесувањето и следењето на извршувањето на Годишната програма за работа на Владата;
- ги обезбедува неопходните информации и стручни совети и мислења во врска со креирањето и анализа на политиките на Владата;
- стручна поддршка во подготвување и одржувањето на седниците на Владата и на работните тела на Владата.

### 2.4. Специфичност на Генералниот секретаријат

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата која врши координација и обезбедува кохерентност во спроведувањето на политиките на Владата, предложени од министерствата и другите органи на државната управа.

## 2.5. Структура на Генералниот секретаријат



## 3. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ

За реализација на стратешките приоритети и цели на Владата, за периодот 2026- 2028 година, во Генералниот секретаријат се утврдени 4 приоритети и 14 цели.

**Приоритет бр. 1 – Дигитализација и континуирано осовременување на информациско комуникациската инфраструктура во Генералниот секретаријат**

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните две цели:

- целосна дигитализација на процесите во Генералниот секретаријат на Владата и
- одржување и надградба на информациско-комуникациската инфраструктура.

**Приоритет бр. 2 – Зајакнување на интегрираниот систем на стратешко планирање, со ефективна координација и обезбедена меѓусебна усогласеност меѓу планските документи на институциите**

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните шест цели:

- создавање одржливи капацитети и ефикасна соработка меѓу организационите единици за стратешко планирање;
- обезбедување целосна усогласеност на 80% од секторските стратегии со утврдените стандарди за квалитет, во период од 3 години;
- зајакнати процеси и капацитети за подготовка и следење на годишната програма на Владата;
- надградба на е-Влада – со доразвиен модул Стратешко планирање со опфат на долгорочното, среднорочното и годишното планирање и следење на спроведувањето и известувањето;
- развивање на среднорочното програмско планирање;
- воспоставен функционален систем за следење, известување и оценување на Националната развојна стратегија 2024–2044.

**Приоритет бр. 3 – Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација**

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните две цели:

- ефективно, ефикасно, транспарентно, инклузивно креирани политики базирани на докази и
- поддршка на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата.

**Приоритет бр. 4 – Координација на борбата против корупцијата, јакнење на институционалните капацитети за финансиски истраги и конфискација на имот, унапредување на транспарентноста на Владата и другите органи на дрзавната управа и ре-воспоставување на дијалогот и соработката со граѓанскиот сектор**

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните четири цели:

- унапредување на системот за информирање на Владата, министерствата и институциите, во функција на нивно транспарентно работење и проактивна комуникација со јавноста;
- навремено, транспарентно и објективно информирање на јавноста за работењето на Владата на Република Северна Македонија;
- координиран и усогласен настап во јавноста и
- осовременување на информирањето и комуникацијата со јавноста.

# 4. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА

## 4.1. Програма 1 – Дигитализација

Во рамките на оваа Програма, во текот на 2024 година беа спроведени следниве активности:

- Целосна дигитализација на дел од внатрешните процеси во Генералниот секретаријат на Владата;
- Секој процес се трансформираше во соодветно дигитално решение (апликација) и досега се дигитализирани процеси, и е направен план за дигитализација на останатите процеси. Дигитализирани се следниве процеси: Барања за службено/приватно отсуство, за годишен одмор, за прекувремена работа, службено патување, ИТ барање и барање за платено отсуство, преглед на книжен фонд-библиотека и во фаза на тестирање се процесите додаток на плата и хелп деск.

Имено, со новиот развој, секој процес се трансформира во соодветно дигитално решение (апликација), односно се спроведува процес на дигитална трансформација на работните процеси, досега базирани на хартија, и се модернизира Интранет порталот.

Успешно беа реализирани повеќе значајни активности, како дел од напорите за осовременување на Дата Центарот и подобрување на ИТ системите во Генералниот секретаријат, вклучувајќи:

- Реализиран проект за осовременување на Дата Центарот, со кој беа воведени нови, напредни системи, со кои се подобри ефикасноста и функционалноста на ИТ системите, што обезбедува полесно и безбедно функционирање.
- набавка на лиценци за Microsoft програми, што обезбеди легална употреба на софтверот, но и подобрена функционалност на ИТ решенијата во повеќе институции од јавниот сектор, вклучувајќи го и Генералниот секретаријат.

Составен дел на договорот е подигнување на нивото на безбедносна околина кое опфаќа: прашалници, анализа на безбедноста во информацискиот систем; безбедносна анализа на Microsoft инфраструктурата; изработка на безбедносен план за подобрување и отстранување на ранливоста во информацискиот систем; создавање на планови за управување со безбедносните ризици во инфраструктурата; имплементација и оптимизација на Microsoft безбедносните системи; развој на план за оптимизација и инвестиции во безбедносни решенија и протоколи; организација на работилници за безбедност и континуирана поддршка во спроведувањето на дефинираните безбедносни планови и советување. Активности се започнати согласно усвоениот план за реализација на истите.

Овие активности значително придонесоа кон подобрувањето на информатичката инфраструктура и претставуваат значаен успех во напорите за модернизација и напредок во ИТ областа. Во оваа потпрограма реализирани се следниве активности:

- се воведе и во континуитет електронскиот регистар на секторски стратегии, чија главна цел е создавање на централен регистар на секторските стратегии, кој овозможува лесен пристап и следење на релевантните информации од сите сектори и има значаен придонес за подобрување на ефикасноста и транспарентноста на Владата;
- согласно утврдените потреби од страна на Работната група за системот за е-Седници, со кои генерално се зајакнува ефикасноста, ефективноста, оперативноста и транспарентноста на работата на Владата, работните тела на Владата, министерствата и другите институции кои соработуваат со Владата, извршена е надградба и преработка на Мултиплатформскиот систем за колаборација за е-Седници на Владата, за системската компонента е-Влада што вклучува: **Интеграции, Дигитално потпишување, Системско навигирање, Мултијазичност и Работа со материјали – е-Седница.**

## 4.2. Програма 2 – Стратешко планирање

Во рамките на оваа стратешка програма во текот на 2024 година, се подготвени и донесени следните документи:

- Стратешки план на Генералниот секретаријат за периодот 2025-2027[17];
- Годишен план за работа на Генералниот секретаријат за 2025 година[18];
- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, донесена во јануари 2025 година;
- Законодавен преглед за периодите од 01.01.-30.06.2025 година. По спроведувањето на широк консултативен процес, донесен е Закон за Националната развојна стратегија[19], предложен од група пратеници во Собранието на РС Македонија;
- Подготвен извештај од анализа на Нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година.

Во текот на 2024 година, заокружен е процесот на институционализирање на Националната развојна стратегија 2024-2044. Имено, Собранието на седницата одржана на 6 февруари 2024 година, го донесе Законот за Националната развојна стратегија[20]. Со цел негово усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа, во Собранието на 19 ноември 2024 година донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за Националната развојна стратегија[21].
На 4-та седница на Владата, одржана на 13 февруари 2024 година, донесена е Одлука за формирање на Националниот совет за развој[22], како дел од управувачката структура за Националната развојна стратегија, а на 6-та седница на Владата, одржана на 20.02.2024 година донесено е Решението за именување на членови на Националниот совет за развој[23].

На 15-та седница на Владата (27.08.2024 година) донесена е Одлука за изменување на Одлуката за формирање на Националниот совет за развој , како и Решение за изменување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој.

На 22-ри февруари 2024 година се одржа првата - Конститутивна седница на Националниот совет за развој како следен чекор во процесот на започнување на имплементацијата на Националната развојна стретегија. Поставувањето на Националниот совет за развој и неговите помошни тела (Управниот одбор и Работниот комитет организиран според принципот на четирикратна спирала со четири подгрупи државна администрација, граѓанско општество, бизнис заедница и јавни институции) се од клучно значење за имплементација на Стратегијата во наредните 20 години. Согласно член 5 став (3)

---

[17] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategiski_plan_gs_2025-2027.pdf

[18] https://www.scribd.com/document/829051452/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%93%D0%B5%D0%BD%D0%B5%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-2025-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0#from_embed

[19] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/2024
[20] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/24
[21] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/24
[22] „Службен весник на РС Македонија“ бр. 41/24
[23] „Службен весник на РС Македонија“ бр. 43/24

и член 12 став (1) од Законот за Националната развојна стратегија[24], Националниот совет за развој на Конститутивната седница го разгледа нацрт текстот на Националната развојна стратегија 2024 – 2044 година и Програмата за спроведување. На Втората седница на Националниот совет за развој одржана на ден 23.09.2024 година, Советот го утврди текстот на нацртот на Националната развојна стратегија 2024-2044 година и Програмата за спроведување за периодот 2024-2028 година и истите како предлог текст ги достави на разгледување до Владата.

Владата на 22-та седница, одржана на 24 септември 2024 година, ги утврди Предлогот на Националната развојна стратегија 2024-2044 и Предлогот на Програмата за спроведување на Националната развојна стратегија за период 2024-2028 и согласно член 204 од Деловникот на Собранието, пречистените текстови ги достави до Собранието. Националната развојна стратегија 2024-2044 година и Програмата за нејзино спроведување за периодот 2024-2028 година беа донесени од Собранието на 29.10.2024 година[25].
Покрај Националниот совет за развој, конституриани и оперативни се и помошните тела, Управниот одбор и Работниот комитет. Членови на Управниот одбор се претседателот на Владата или заменик на претседателот на Владата, предложен од негова страна, министерот за финансии и генералниот секретар на Владата.

Додека, на 29 март 2024 година, објавен е Јавен повик за пријавување на сите заинтересирани лица за создавање на регистар/база на надворешни експерти како членови на Работен комитет. Првиот состанок на Работен комитет се одржа на 4 октомври, 2024 година, по што следеа серија работни состаноци на Работен комитет на следните теми: Интегрирање на бегалци и странци, (09.10.2024, 17.10.2024 и 14.11.2024 година), Патна инфраструктура и железница (05.12.2024 година), Енергетика (8.11.2024 година), Дигитализација (15.11.2024 година), Владеење на правото (23.12.2024 година) и Безбедност на сообраќај (13.02.2025 година) преку кои се обезбедува операционализација на Националната развојна стратегија. Покрај, работни средби на Работен кониетет се одржаа и две тркалезни маси (07.11.2024 и 18.11.2024 година) посветени на развојот и дефинирањето на алатките за мониторинг и евалуација на Националната развојна стратегија 2024-2044.

Започнат е процесот на креирање на НРС/ЦОР Мапа за инвестирање (NDS/SDG Investor Map), со цел зголемување на инвестициите кои ќе придонесат кон реализацијата на целите на Националната развојна стратегија и Целите за одржлив развој. Оваа Мапа ќе претставува важен инструмент за идентификација, приоритетизација и координација на инвестициски активности, овозможувајќи поефикасно насочување на ресурсите кон клучните сектори и проекти од стратешко значење за развојот на државата.

Во 2024 година беше реализирана обука „Размена на добри практики за институционализација на антиципативно планирање (foresight)", во организација на Demos Helsinki.

Во текот на 2024 година се одржуваше на веб-страницата на Националната развојна стратегија 2024-2044 (www.nrs.mk), преку континуирано ажурирање на содржините на македонски, англиски и албански јазик.

[24] „Службен весник на РС Македонија" бр. 30/24
[25] „Службен весник на РС Македонија" бр.222/24

## 4.3. Програма 3 – Анализа на политиките и координација

Во рамките на оваа програма, реализирани се повеќе активности и подготвени се повеќе документи, вклучувајќи:

- Координација на одговорите на прашањата во тематската област Развој на политики и координација во рамките на Оценската мисија на СИГМА за начелата на јавната администрација во 2024 година;
- Следење на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања и подготовка на квартални извештаи за информирање на Владата, во рамките на кое беа подготвени и усвоени од Владата три Информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител;
- Координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата на РС Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024. Во соработка со членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество и врз основа на анализа на одговорите на прашалници за мерење на индикаторите од Акцискиот план, дистрибуирани до 8.504 активни адреси на граѓански организации, подготвен беше Извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на РС Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2023 година, што беше разгледан на 17-та седница на Владата, одржана на 23.4.2024 година;
- Следење на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики. Врз основа на анализа на податоците на ЕНЕР и одговорите на прашалник дистрибуиран до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество, подготвен беше Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2023 година, што беше разгледан на 17-та седница на Владата, одржана на 23.4.2024 година. Воедно, на 20.8.2024 година објавен беше повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, а доставените 35 иницијативи на граѓански организации и одговорите на ресорните министерства се објавени на веб-страницата www.nvosoraobotka.gov.mk;
- Воспоставување структурен дијалог со граѓанските организации. Согласно заклучоците од дебатата „Зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанското општество", одржана на 4.9.2024 година во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје и консултативниот процес со граѓанските организации по објавен повик на www.nvosorabotka.gov.mk и консултативни средби во Скопје (15.10 и 1.11.2024 година), Гостивар (24.10.2024 година) и Битола (25.10.2024 година), подготвена е Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, што Владата ја донесе на седницата одржана на 24.12.2024 година. Во соработка со Меѓународниот републикански институт (ИРИ), Владата започна со одржување на средби со граѓанските организации „Дијалог меѓу Владата и граѓанскиот сектор". Првата средба се одржа на 25.9.2024 година на тема „Владеење на право, добро владеење и борба против корупција", а тема на втората средба што се одржа на 25.10.2024 година беше „Образование и младинско учество". Преку средбите се отвори директен дијалог и комуникација на Претседателот на Владата и министрите со граѓанските организации, кои имаат стручност и работат на предлог решенија и механизми за чија имплементација е потребна поддршка или соработка со Владата и ресорните министерства. Доставени се 21 иницијативи од граѓанските организации, кои заедно со одговорите од ресорните министерства, се објавени на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mк.

- Организирање на Годишна конференција на граѓанските организации - на 15.11.2024 година се одржа Националниот форум на Цивика мобилитас, организиран во соработка со Владата на Република Северна Македонија, како Годишна конференција на граѓанските организации за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, со учество на претседателот на Владата, генералниот секретар на Владата, ресорни министри и повеќе од 200 претставници на граѓански организации.;
- Унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество, преку иницирање на консултативен процес за подготовка на новата Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 (објавен јавен повик до граѓанските организации на www.nvosorabotka.gov.mk во периодот 10–30.11.2024 година), активно учество во работните групи за изработка на Закон за здруженија и фондации, Закон за донации и спонзорства во јавните дејности и Стратегија за транспарентност 2023-2026, подготовка на придонес кон годишниот Извештај на Европската комисија за областа Граѓанско општество и учество во подготовката на Патоказот за функционирање на демократските институции во делот Улогата на граѓанското општество;
- Следење на условите за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Врз основа на известувања од министерствата, други органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа, подготвен е Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа во 2023 година, што беше разгледан на 27-та седница на Владата, одржана на 22.10.2024 година;
- Административно-техничка поддршка на Комисијата за организации со статус од јавен интерес. Комисијата одржа две седници, на кои беше разгледан Извештајот за работа за 2023 година и деловни и финансиски извештаи на организациите со статус од јавен интерес;
- Одржување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk), преку континуирано ажурирање на содржините на македонски и албански јазик.

## 4.4. Програма 4 – Добро владеење и транспарентност

Поради донесените измени во Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Работната група задолжена за следење на имплементацијата на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност, одржа состанок на 8 јули 2024 година на кој беше разгледана потребата да се интервенира во текстот на Стратегијата и на Акцискиот план, со цел усогласување со донесените измени. Дополнително беше разгледана и потребата од измени на роковите за реализација наведени во Акцискиот план, кои заради изборниот период не се остварени.

Поради донесените измени во Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Работната група задолжена за следење на имплементацијата на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност, во која се вклучени и нови членови, одржа состанок на 10 октомври 2024 година на кој беше разгледана потребата да се интервенира во текстот на Стратегијата и на Акцискиот план, со цел усогласување со донесените измени. Дополнително беше разгледана и потребата од измени на роковите за реализација наведени во Акцискиот план, како и дополнување на текстот со нови сфери кои ја засегаат транспарентноста на Владата.

По насока на Кабинетот на Заменик претседателот на Владата задолжен за добро владеење во тек се активности за измена на текстот на Стратегијата и роковите во Акцискиот план, по чие усогласување во најкус рок повторно ќе биде доставена на усвојување на седница Владата.

# 5. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА

## 5.1. Програма 1 – Дигитализација

Во рамките на оваа Програма, во текот на 2025 година беа спроведени следниве активности:
- целосна дигитализација на дел од внатрешните процеси во Генералниот секретаријат на Владата;
- секој процес се трансформираше во соодветно дигитално решение (апликација) и досега се дигитализирани процеси, и е направен план за дигитализација на останатите процеси.

Во текот на 2025 година беа успешно реализирани значаен дел од планираните активности во рамките на Програмата за дигитализација. Дел од клучните внатрешни административни и работни процеси во Генералниот секретаријат на Владата беа целосно дигитализирани, при што секој процес беше анализиран, стандардизиран и трансформиран во соодветно дигитално решение (апликација).

Покрај реализираните дигитални решенија, изработен е и јасен и структурен план за дигитализација на преостанатите процеси, со што се обезбедува континуитет и систематски пристап кон целосна дигитална трансформација на работењето. Овие активности директно придонесоа кон зголемена ефикасност, намалување на административниот товар и подобрена внатрешна координација.

Успешно беа реализирани повеќе значајни активности, како дел од напорите за осовременување на Дата Центарот и подобрување на ИТ системите во Генералниот секретаријат, вклучувајќи:
- Реализиран проект за осовременување на Дата Центарот, со кој беа воведени нови, напредни системи, со кои се подобри ефикасноста и функционалноста на ИТ системите, што обезбедува полесно и безбедно функционирање.
- Проширена мрежна инфраструктура и започната реализација на WIFI мрежа во Генералниот секретаријат.

Овие активности значително придонесоа кон подобрувањето на информатичката инфраструктура и претставуваат значаен успех во напорите за модернизација и напредок во ИТ областа. Реализиран е проектот за осовременување на Дата Центарот, со воведување на нови и напредни системи и технолошки решенија кои овозможуваат зголемена стабилност, сигурност и ефикасност во работењето на ИТ системите. Со ова се создадоа услови за безбедно и непречено функционирање на клучните апликации и сервиси на Владата.

Дополнително, беше проширена и унапредена мрежната инфраструктура, при што е успешно завршена реализацијата на мрежното поврзување и имплементацијата на Wi-Fi инфраструктурата во Генералниот секретаријат. Овие активности обезбедуваат подобрена поврзаност, поголема достапност до ИКТ ресурсите и поддршка за зголемени потреби од дигитални сервиси.

Согласно утврдените потреби од страна на Работната група за системот за е-Седници, со кои генерално се зајакнува ефикасноста, ефективноста, оперативноста и транспарентноста на работата на Владата, работните тела на Владата, министерствата и другите институции кои соработуваат со Владата, во тек е надградба и преработка на Мултиплатформскиот систем за е-Седници на Владата, за системската компонента е-Влада што вклучува:
- Работа со материјали – е-Седница.

Согласно утврдените потреби од страна на Работната група за системот за е-Седници, со кои генерално се зајакнува ефикасноста, ефективноста, оперативноста и транспарентноста на работата

на Владата, работните тела на Владата, министерствата и другите институции кои соработуваат со Владата, извршена е надградба и преработка на Мултиплатформскиот систем за колаборација за е-Седници на Владата, за системската компонента е-Влада што вклучува:

- Интеграции,
- Дигитално потпишување,
- Системско навигирање,
- Работа со материјали – е-Седница,
- Поврзување со службен весник,
- Интеграција со системот за архивско работење.

Надградба на Системот за следење на реализација на проекти со имплементација на нов веб портал за транспарентност и отчетност при менаџирањето и следење на проекти финансирани од Владата кој опфаќа:

- Надградба на PPMS,
- Јавен портал,
- Мобилна апликација.

Во текот на 2025 година беа целосно реализирани и заокружени клучните активности од оваа потпрограма. Согласно утврдените потреби од страна на Работната група, извршена е сеопфатна надградба и преработка на Мултиплатформскиот систем за е-Седници на Владата.

Надградбите опфатија функционалности за работа со материјали, системско навигирање, дигитално потпишување, интеграции со надворешни системи, поврзување со Службен весник и интеграција со системот за архивско работење. Овие подобрувања директно придонесоа за зголемена ефикасност, транспарентност и оперативност на Владата и нејзините работни тела.

Во рамки на надградбата на системот е-Влада, Генералниот секретаријат успешно ја реализираше надградбата на модулот за стратешко планирање, вклучително и електронското следење на Годишната програма за работа на Владата (ГПРВ). Сите министерства и други органи на државната управа се целосно интегрирани и активно го користат Системот за стратешко планирање. Надградбата на Регистарот на стратегиски плански документи, неговата интеграција со порталот nrs.mk и овозможувањето јавен пристап до стратегиските документи претставуваат значаен напредок во насока на отворено владеење, отчетност и транспарентност.

## 5.2. Програма 2 – Стратешко планирање

Во рамките на оваа Програма, во текот на 2025 година, се подготвени  и донесени следните документи:

- Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година[26];
- Законодавна агенда за периодот од 1.01.-30.06.2025 година;
- Стратешки план на Генералниот секретаријат на Владата за периодот 2026-2028.

Согласно Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, Генералниот секретаријат на Владата и во текот на 2025 година продолжи со давање на мислења по однос на стратегии, Нацрт-годишните извештаи и Акциските планови за нивното спроведување.

[26] https://vlada.mk/sites/default/files/img/programa_vlada_2025.pdf

Во периодот 3-4 јули 2025 година, во рамки на Инструментот за мобилност на Регионалната школа за јавна администрација (ReSPA) се реализира студиска посетата на претставници од Генералниот секретаријат на Владата во Генералниот секретаријат на Владата на Република Црна Гора. Претставниците од Генералниот секретаријат се запознаа со институционалната поставеност на системот на стратешко планирање во Црна Гора, клучните документи за поставување на владините приоритети, механизмите за следење, известување и евалуација, како и за подготовка и следење на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата. Истовремено, на оваа значајна студиска посета беше презентирано и македонското искуство во врска со стратешкото планирање и подготовката на Националната развојна стратегија 2024-2044. Во периодот кој следи се очекува да се интензивира оваа соработка на обострана корист за двете клучни институции во процесот на стратешко планирање.

Преку проектот финансиран од ЕУ за поддршка на реформските политиките, интеграција во ЕУ и ефективноста (SUPRAE), во периодот од 12-14 ноември 2025 година, претставници од Генералниот секретаријат на Владата – Сектор за стратегија, планирање, следење и Национална развојна стратегија и државните советници заедно со Министерството за европски прашања во Охрид организираа и спроведоа Работилница на тема: „Процесот на стратешко планирање и клучните принципи за координација на политиките“. На Работилницата учество зедоа 47 државни службеници од министерствата. Целта на обуката беше да се подобри капацитетот на вработените во министерствата за развој и спроведување висококвалитетни национални стратешки документи, преку интегрирање на најдобрите практики од Македонија и компаративни сознанија од други земји – примерот на Република Црна Гора.

Работилницата стави акцент на усогласување на секторските стратегии со буџетските рамки, обезбедување кохерентна хиерархија на стратегиските плански документи, зајакнување на меѓусекторската координација и консултации со засегнатите страни и воспоставување мониторинг и евалуација базирана на индикатори, сето тоа во согласност со стандардите на ЕУ за стратешко планирање и креирање на политики засновани на докази (Evidence-based Policymaking Approach). на Работилницата претставниците од Генералниот секретаријат на Владата ја презентираа правната рамка и предизвиците на секторското планирање во Македонија со што се надградија знаењата преку збогатување со компаративни искуства од Црна Гора, што имаше за цел:

- создавање на можности за поттикнување на активности за унапредување на рамката за секторско планирање;
- практична примена на стекнатите знаења, со цел креирање на квалитетни стратешки плански документи како и
- јакнење на интерната и меѓуинституционалната соработка, координација и усогласеност на политиките.

Притоа, во Извештајот на експертот од SUPRAE беше нотирано дека резултатите од евалуацијата на Работилницата за стратешко планирање покажаа високо ниво на ефективни резултати од учењето.

Во однос на Националната развојна стратегија 2024-2044, на 5 февруари 2025 година се одржа првата седница на Управниот одбор на НРС, во проширен состав со цел пред донаторската заедница и преку координирана и насочена мобилизација на ресурсите, заеднички да се обезбеди нејзино успешно спроведување, согласно стратешките области, цели и приоритети.

На 10 март 2025 година, се одржа Третата седница на Националниот совет за развој, каде беа презентирани резултатите, односно мерките од состаноците на Работниот комитет. Националниот совет за развој преку Одделението за следење на Националната развојна стратегија подготви и до Владата достави Информација за одржаната Трета седница на Националниот совет за развој со предлог заклучоци до релевантните министерства и другите органи на државната управа со цел преземање на конкретни активности за реализација на предложените мерки.

Од првата серија состаноци на Работниот комитет, разработени се 56 мерки, додека преку Информацијата за одржаната Трета седница на Националниот совет за развој произлезени се 44 заклучоци за 16 министерства и други органи на државната управа со цел реализација и следење на спроведувањето на мерките, како импулс во промоција и забрзано спроведување на Националната развојна стратегија.

Во периодот од 24 – 28 март 2025 година реализирана е обука со претставници од Македонската академија на науките и уметностите за користење на Моделот на меѓународни иднини (International Futures Model) на Универзитетот во Денвер (САД), а со цел следење и анализа на проекции со продуцирање на конкретни податоци и извештаи во прилог на следењето на спроведувањето на Националната развојна стратегија.

Објавена е НРС/ЦОР Мапа за инвестирање (NDS/SDG Investor Map) – нова дигитална алатка, која ги идентификува и претставува можностите за инвестиции усогласени со Националната развојна стратегија и Целите за одржлив развој (ЦОР). Мапата е достапна на следниот линк: https://sdgprivatefinance.undp.org/leveraging-capital/sdg-investor-platform/country/republic-north-macedonia, како и на дигиталната платформа https://nrs.mk/ и на интернет страниците на министерствата.

Исто така, воспоставена е соработка со Државниот завод за ревизија во насока на планирање и спроведување на ревизии на успешност поврзани со НРС и ЦОР (одржана тркалезна маса на 16.05.2025 година).

Реализирани се студиски посети во Италија (ноември 2024 година), во Естонија (мај 2025 година) и Словенија (24 – 28 ноември 2025 година) со цел размена на информации, искуства и добри практики во однос на спроведувањето, следењето и поддршката на Националната развојна стратегија.

Во Собранието на Република Македонија, на 16 мај 2025 година, се формираше Интерпартиска парламентарна група (ИППГ) за следење на напредокот на Националната развојна стратегија 2024–2044 . Истата има за цел да обезбеди континуиран политички надзор, меѓупартиски дијалог и институционална поддршка на процесот на креирање, спроведување и следење на НРС. ИПГ дејствува како форум за координација меѓу Собранието, Владата и други чинители, со цел да се промовира долгорочно стратешко размислување, креирање инклузивни политики, транспарентност и отчетност.

На 10.10.2025 година во Собранието се одржа Втората седница на Интерпартиската парламентарна група за следење на напредокот на Националната развојна стратегија 2024–2044, која беше посветена на прелиминарниот Преглед на мапирани буџетски програми во контекст на Националната развојна стратегија со опфат на 102 приоритети и 21 цел во шест стратешки области, или вкупно 11 индикатори за трите национални развојни цели и вкупно 41 индикатор за стратешките области, преку анализа на 94 годишни програми на 20 институции и 67 програми на локалната власт. Со ова се воспоставува основа за транспарентност, отчетност и подобро усогласување на буџетските средства со националните приоритети.

Во текот на 2025 година организирана е втора серија на интензивни состаноци на Работниот комитет, односно по најмалку еден централен настан и последователно серија на состаноци во рамки на подгрупите формирани од присутните членови. Состаноците на Работен комитет се одржаа на следните теми: Управување со вонредни состојби (29.9.2025 година), Локален и регионален развој што обезбедува кохезија (22.10.2025 година), Одржлива, конкурентна и иновативна економија (21.11.2025 година), Внатрешна безбедносна политика (24.11.2025 година) и Надворешна политика и надворешна трговија (3.12.2025 година), преку кои се обезбедува операционализација на

Националната развојна стратегија. На овие состаноци на Работниот комитет учествуваа повеќе од 560 учесници и беа разработени 34 мерки.

Исто така, на 11 декември 2025 година реализирана е заедничка активност со Стопанската комора во насока на доближување на целите и приоритетите од Националната развојна стратегија до бизнис заедницата, предизвиците и можностите кои ги нуди процесот на спроведување на НРС од аспект на придобивки за економскиот сектор.

На 23 декември 2025 година, се одржа Четвртата седница на Националниот совет за развој на којашто во фокусот беше презентација на предложените мерки од втората серија состаноци на Работниот комитет. Преку Одделението за следење на Националната развојна стратегија во рамки на Генералниот секретаријат, ќе се достави Информација до Владата за одржаната Четврта седница на Националниот совет за развој со предлог - заклучоци до релевантните министерства и други органи на државната управа, со што ќе се обезбеди усогласеност на предложените мерки во рамки на секторските политики и нивно следење во контекст на Националната развојна стратегија.

Сумирано, вкупно реализирани се 11 Работни комитети со вкупен број произлезени 90 мерки (56 и 34), на кои активно учество земаа вкупно 1161 лице, од кои 599 жени и 562 мажи, што покажува силна родова рамнотежа и инклузивност на процесот.

Во текот на 2025 година, се продолжи со активностите за воспоставување на функционален и интегриран систем за следење, известување и евалуација на Националната развојна стратегија 2024-2044 кој што има за цел да обезбеди навремено, квалитетно и конзистентно следење на напредокот во спроведувањето на националните развојни цели, како и целите и приоритетите од стратешките области.

Како дел од подготовките, веќе се изработени основни алатки за следење на спроведувањето и во насока на постигнување на поефективен, поефикасен и усогласен пристап кон следењето и оценувањето покрај овие алатки, подготвени се пасоши на индикатори согласно националните развојни цели и стратешките области од НРС со детална методологија за прибирање и презентација на податоци кои што се претставени преку Контролната табла на https://nrs.mk/ (Dashboard).

Овие активности, исто така, се во прилог на подготовката на Годишниот извештај за спроведување на Националната развојна стратегија, којшто Владата според Законот за Националната развојна стратегија го доставува во март тековната година, а се однесува за претходната година.

Организирани со обуки (13-17 октомври, 10-14 ноември и 9-12 декември 2025 година) за претставници од Генералниот секретаријат, како и Министерството за финансии, Државниот завод за статистика и Државниот завод за ревизија во областите со цел да се зајакнат знаењата и вештините во областите на координација, управување со процеси, меѓусекторска соработка и следење на имплементацијата на стратешките документи во рамки на Националната развојна стратегија, преку сесии насочени кон ефективна комуникација, преговарање и управување со процеси на соработка.

Исто така, беше организирана тридневна обука (декември 2025 година) за Одделението за следење на Националната развојна стратегија во Генералниот секретаријат за користење на дигитални алатки.

## 5.3. Програма 3 - Анализа на политиките и координација

Во рамките на оваа програма во 2025 година реализирани се следните активности:

- Следење на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања и подготовка на квартални извештаи за информирање на Владата, во рамките на кое беа подготвени и усвоени од Владата четири Информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител;
- Координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024. Во соработка со членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество и врз основа на анализа на одговорите на прашалници за мерење на индикаторите од Акцискиот план, дистрибуирани до 8.823 активни адреси на граѓански организации, подготвен е Извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2024 година, што беше разгледан на 76-та седница на Владата, одржана на 20.5.2025 година;
- Унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество. На 90-та седница на Владата, одржана на 8.07.2025 година, усвоена е Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028, подготвена низ транспарентен и партиципативен процес, со учество на претставници на граѓански организации во Работната група, консултации преку Единствениот национален електронски регистар на прописи ЕНЕР, одржани две јавни расправи (23.5.2025 и 13.6.2025 година) и позитивно мислење од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, утврдено на 3-та седница, одржана на 18.6.2025 година. Визијата на овој стратешки документ е поддршка на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата, а мерките и активностите се систематизирани во две приоритетни области: Создавање на поволна средина за функционирање и развој на граѓанското општество и Зајакната соработка и партнерство меѓу граѓанските организации и јавните институции;
- Воспоставување структурен дијалог со граѓанските организации. Врз основа на јавен повик за избор на 14 членови и заменици членови на Советот од редот на граѓанските организации, објавен на www.nvosorabotka.gov.mk на 20.1.2025 година и номинации од ресорните министерства, на 18.3.2025 година, Владата донесе Решение за назначување на членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, со што беше прекинат тригодишниот бојкот на работата на ова советодавно тело на Владата. Во периодот април-декември 2025 година, Советот одржа седум седници, на кои беа разгледани актуелни прашања и јавни политики од значење за граѓанското општество, а материјалите по точките од дневниот ред и записниците од седниците на Советот се објавени на веб-страницата: www.nvosorabotka.gov.mk. Воедно, по објавени јавни повици на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk, Советот номинираше 13 претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа (Националниот совет за развој, Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, Секторската комисија за уметност, Секторската работна група за локален и регионален развој, Управниот одбор на проектот „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги" финансиран од Европската унија и работната група за подготовка на Нацрт-Стратегија за транспарентност 2027-2029);
- Следење на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики. Врз основа на анализа на податоците на ЕНЕР и одговорите на прашалник дистрибуиран до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество, подготвен е Извештај за процесот на

консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2024 година, што беше разгледан на 90-та седница на Владата, одржана на 8.07.2025 година. Исто така, на 15.8.2025 година на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk објавен е Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2026 година. Доставени се 22 иницијативи од граѓанските организации, кои заедно со одговорите од ресорните министерства, се објавени на www.nvosorabotka.gov.mk;
- Следење на финансиската поддршка на граѓанските организации од централниот буџет и буџетот на единиците на локалната самоуправа. Врз основа на известувања од министерствата, другите органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа, подготвен е Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа во 2024 година, што беше разгледан на 119-та седница на Владата, одржана на 14.10.2025 година;
- Одржан Национален форум - Саем на граѓански организации „Соработка на Владата и граѓанското општество" (26.11.2025 година), кој втора година по ред се организира во соработка меѓу Владата и Швајцарската програма за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас, која ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС);
- Учество во Работната група за изработка на измени и дополнување на Законот за здруженија и фондации, работни подгрупи по заложби од Националниот Акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026 година и Работната група за подготовка на Закон за изменување и дополнување на законот за Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, како и во комисиите за евалуација на проекти на граѓански организации по јавни повици на Министерството за односи меѓу заедниците и Министерството за социјална политика, демографија и млади;
- Подготовка на придонес кон годишниот Извештај на Европската комисија за областа Граѓанско општество и учество во подготовката на Патоказот за функционирање на демократските институции во делот Улогата на граѓанското општество;
- Административно-техничка поддршка на Комисијата за организации со статус од јавен интерес и проверка на деловни и финансиски извештаи на организациите со статус од јавен интерес;
- Одржување на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk како портал за соработка со граѓанското општество и редовно објавување на содржини за соработката на Владата со граѓанското општество.

## 5.4. Програма 4 - Добро владеење и транспарентност

Заменик на претседателот на Владата задолжен за добро владеење (ЗПВДВ) во февруари 2025 година донесе Годишен план за работа за 2025 година, во кој беа утврдени 4 (четири) приоритети, и тоа: Превенција и борба против корупцијата; Зајакнување на капацитетите за финансиски истраги и конфискација на имот; Унапредување на транспарентноста на Владата и владините институции и Унапредување на стратешкиот дијалог со граѓанскиот сектор. Оттука, активностите на Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата задолжен за добро владеење во 2025 година беа насочени кон остварување на резултати за исполнување на овие приоритети.

Во април 2025 година се одржа првата седница на Меѓуресорското тело за координација на активности против корупција. За првпат, врз основа на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорското тело за координација на активности против корупција, донесена на предлог на Кабинетот на ЗПВДВ од страна на Владата во октомври 2024 година, во составот на ова тело е вклучен и претставник на граѓанското општество со право на глас.

На предлог на ЗПВДВ и во согласност со Министерството за правда, Меѓуресорското тело за координација на активностите за спречување на корупцијата преминува под надлежност на Кабинетот на ЗПВДВ. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Меѓуресорското тело за координација на активностите за спречување на корупцијата беше усвоена од страна на Владата на крајот на септември 2025 година. Во завршна фаза е донесувањето на решение за новиот персонален состав на Меѓуресорското тело за координација на активностите за спречување на корупцијата.

Работната група формира на за изменување на Деловникот за работа на Меѓуресорското тело за координација на активностите за спречување на корупцијата, подготви нацрт на Деловник за работа на Меѓуресорското тело, кој се очекува да биде усвоен на следната седница на ова тело.

На иницијатива на Кабинетот на ЗПВДВ, со поддршка на УНОПС, се работеше на изработка на Упатство/методологија за интегрирање на концептот на анти-корупција во поглавјата/кластерите за преговори за членство во ЕУ. Ова упатство претставува алатка која им помага на институциите да го вградат концептот на борба против корупцијата во сите релевантни области од пристапните преговори со ЕУ и обезбедува насоки за идентификување на областите подложни на корупција, корупциски ризици, дефинирање антикорупциски мерки и следење на напредокот на активностите преку утврдени индикатори. Упатството/Методологијата за интегрирање на антикорупциските мерки има за цел да обезбеди редовна и ефикасна примена на антикорупциските механизми од страна на надлежните институции. Овој документ нуди систематски пристап за интегрирање на антикорупциската перспектива во сите области и сектори поврзани со поглавјата од процесот на пристапување кон Европската Унија. Документот е во финална фаза на подготовка и се очекува да биде усвоен на следната седница на Меѓуресорското тело за координација на активностите за спречување на корупцијата.

Кабинетот на ЗПВДВ, во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата, Министерството за внатрешни работи и Министерството за европски прашања, учествуваше во подготовка на Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарски таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање. Владата во јули 2025 усвои Информација за постапување по овој Правилникот, со заклучок со кој се задолжија сите органи на државна управа и им се препорача на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје и други субјекти, регистарските таблици за возилата кои ги располагат или ги користат да ги променат до 15 септември 2025 година. Формирана е и работна група за воспоставување регистар на службени возила во сопственост на државата и општините. Како резултат на овие активности се очекува да се спречи злоупотребата на службените возила. Во тек се активности за воспоставување на единствен регистар за сите патнички моторни возила во сопственост на државата и општините.

Имплементацијата на мерката за опремување на сите моторни возила во сопственост на државата и општините со посебни регистарски таблички, односно таблички со боја, започна во септември 2025 година.

По разгледување на Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија на тема „Управување со државен имот“, во јануари 2025 година, Владата го задолжи Кабинетот на ЗПВДВ, во соработка со Службата за општи и заеднички работи, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, Агенцијата за катастар на недвижности, Комисијата за станбени прашања при Владата и Министерството за финансии, да подготват Акциски план со конкретни активности, одговорни институции и рокови за имплементација

на препораките. Врз основа на поединечните акциски планови Кабинетот на ЗПВДВ подготви синтетизиран Акциски план за спроведување на препораките на Државниот завод за ревизија. Во август 2025 овој план беше доставен до Владата при што Министерството за финансии изрази негативно мислење за некои точки. По дополнителни консултации со Работната група се утврди дека дел од препораките не можат да се спроведат поради отсуство на закон за недвижен имот, додека други го надминуваат мандатот на Работната група. Препораката е да се разгледаат забелешките на Министерството за финансии да се формализира и прошири Работната група со јасно утврдени надлежности за секоја институција, да се подготви детален План со конкретни активности, одговорни лица и рокови за секоја активност да се вклучат експерти од релевантни области да се разгледа можноста за техничка помош од држави со сличен систем и од CEF и Планот да се дополни со нови мерки, активности и носители на процесот.

Во јуни 2025 година, Владата усвои Информација за текот на пополнување на online формуларот со податоци за недвижен државен имот – објекти и земјиште, доставен до сите државни институции и јавни установи. На состанокот одржан во септември 2025 година, од страна на претставниците на релевантните институции, беше потврдена неопходноста од воспоставување на Регистар на државниот недвижен имот, а основата за тоа би била посебно законско решение и подзаконски акти со кое истото детално ќе се регулирала. Во владина процедура е донесување на Решение за формирање Работна група за подготвка на Предлог-закон за Централен регистар на државниот недвижен имот.

Ефикасен систем за конфискација на имот и имотна корист со видливи и мерливи резултати во борбата против организираниот криминал и корупцијата, преку изградени капацитети за пронаоѓање, идентификација и следење на незаконски стекнатиот имот во земјата и странство, негово навремено обезбедување, одземање и управување, е утврдената визија на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025–2026, која Владата ја усвои на 84-та седница, одржана на 17 јуни 2025 година.

Креирањето на оваа Стратегија се одвиваше во транспарентен и инклузивен процес, со претставници од сите релевантни институции, кои од самиот почеток беа вклучени во процесот на планирање и дефинирање на мерките што треба да го зајакнат системот за конфискација на незаконски стекнатиот имот.

Следејќи ги фазите на постапката за поврат на имот Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 со Акциски план 2025-2026 ги разработува следните приоритетни области: (1) Пронаоѓање, идентификување и следење на незаконски стекнатиот имот и имотна корист во земјата и странство; (2) Привремено обезбедување и конфискација на имот и имотна корист; (3) Ефикасно управување со одземениот и конфискуваниот имот, вклучително и негова повторна употреба за социјални цели и (4)Спроведување на Стратегијата и мониторинг на активностите утврдени во Акцискиот план.
Основата на спроведувањето на оваа Стратегија се ефикасни, транспарентни и отчетни институции, при што меѓуинституционалната координација и соработка е важен предуслов за нивна функционалност, целите и мерките утврдени во истата се синхронизирани со значајни стратешки документи усвоени од Владата како што се:

- Национална развојна стратегија 2024 – 2044;
- Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028);
- Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризмот (2021-2024);
- Стратегијата на ЕУ за борба против организиран криминал 2021-2025;
- ЕУ Акциски План за борба против трговијата со дрога и организираниот криминал и др.

Кабинетот на ЗПВДВ ја има клучната улога во утврдениот систем за координација и следење на целите на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025–2026. Во таа насока, Владата на седницата одржана на 9 септември 2025 година ја потврди заложбата за борба против организираниот криминал и корупција и ја истакна политичката поддршка, донесувајќи Одлука за формирање на Национален совет за финансиски истраги и конфисакција на имот („Службен весник на РСМ" бр. 188 од 10.09.2025 година). Со ова тело се зајакнува институционалната рамка за спроведување, следење, соценување и известување. Националниот совет има за цел на политичко ниво да обезбеди мониторинг и евалуација на спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план и со него претседава Заменик претседателот на Влада задолжен за политики за добро владеење.

Дополнително, Владата на седницата одржана на 28 октомври 2025 година, донесе Решение за назначување на претседател, заменик претседател, членови, заменици-членовии секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025 – 2026 („Службен весник на РСМ" бр.222 од 30.10.2025 година). Претседателот, заменик претседателот и секретарот на ова тело се именувани од Кабинетот на ЗПВДВ. Националната комисија почна со работа и во декември подготви Оперативен план за периодот јануари – декември 2025 година и е во процес на прибирање податоци за степенот на спроведување на Стратегијата, со цел подготовка на првиот извештај. Националната комисија ја продолжува соработката со меѓународните партнери и во декември 2025 година има поднесено барање до UNODC (Канцеларија на Обединети нации за борба со организиран криминал и корупција) за обезбедување поддршка за изработка на Методологија за следење на Стратегијата и прибирање на податоци. Поврзано со активности од актуелната Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025–2026, претставник од Кабинетот учествува во Работната група формирана во Министерството за правда задолжена за подготовка на Закон за изменување и дополнување на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка.

Изминатата година, Кабинетот на ЗПВДВ активно работеше на изнаоѓање механизми за унапредување на транспарентноста на Владата, министерствата и другите органи на државната управа. Врз основа на оценката за досегашната имплементација на Стратегијата за транспарентност (2023-2026), Кабинетот на ЗПВДВ пристапи кон подготовка на Информација за степенот на спроведување на Стратегијата за транспарентност (2023–2026), со заклучоци за подобрување на степенот на имплементација на Стратегијата до крајот на нејзината важност.

Во оваа насока врз основа на Информацијата за степенот на нејзино спроведување, Владата донесе Заклучок бр. 1 со кој ја задолжи Работната група да подготви измени на Акцискиот план (во делот на роковите и надлежните институции) во рок од 7 дена и преку Кабинетот на ЗПВДВ го достави до Владата во рок од 45 дена. Согласно овој заклучок, Работната група на 04.09.2025 година одржа состанок и изврши ревизија на Акцискиот план во делот на роковите и надлежните институции. Подготвена беше Информација со приложен предлог за измени, која на 19.09.2025 година преку е-Влада системот беше доставена до сите чинители на Акцискиот план за добивање мислења. Институциите навремено ги доставија своите мислења, по што на 21.10.2025 година се одржа втор состанок на Работната група на кој беа усогласени мислењата и финализиран ревидираниот Акциски план. Информацијата за ревидираниот Акциски план (без забелешки) беше разгледана на Генералниот колегиум на 12.11.2025 година и на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој на 14.11.2025 година, по што Владата на Република Северна Македонија на 131. седница одржана на 25.11.2025 година го разгледа и го прифати ревидираниот Акциски план за спроведување на Стратегијата за транспарентност (2023–2026).

Паралелно со тоа, отпочнати се иницијални активности за подготовка на нова Стратегија за транспарентност (2027–2029). Во овој контекст, согласно Заклучокот бр. 9 од Информацијата за степенот на спроведување на Стратегијата за транспарентност (2023–2026), Кабинетот на ЗПВДВ беше задолжен во рок од 15 дена да подготви и до Владата да достави предлог-решение за формирање Работна група за изработка на Нацрт-стратегија за транспарентност (2027–2029).

По усвоениот предлог-заклучок, Кабинетот на ЗПВДВ испрати барање за номинација на претставници до сите релевантни институции (Канцеларијата на Претседателот на Владата, Генералниот секретаријат на Владата - Секторот за стратегија, планирање, следење и Национална развојна стратегија, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за јавна администрација, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за европски прашања, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и Советот за соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор). Сите институции навремено ги номинираа своите претставници. Кабинетот на ЗПВДВ до крајот на декември 2025 ќе достави Предлог-решние за формирање на Работна група за изработка на Нацрт-стратегијата за транспарентност (2027–2029) до Владата.

Кабинетот на ЗПВДВ имаше значаен удел во успешно иницираниот и повторно воспоставен дијалогот со граѓанското општество, што претставува клучен чекор кон зајакнување на партнерството меѓу Владата и невладиниот сектор. Во април 2025 година се одржа конститутивна средба на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. На средбата беше потенцирана посветеноста на Владата за партнерска соработка, врз основа на принципите на инклузивност и партиципативно планирање, сигурност и одговорност, отвореност и транспарентност, како неопходни инструменти за градење на еднаквост пред законот и одговорност на носителите на одлуки. Беше развиена Стратегијата за соработка на Владата со граѓанското општество за периодот 2025-2028, која Владата ја усвои во јули 2025 година. Кабинетот на ЗПВДВ одржуваше месечни состаноци со Платформата на невладини организации што делуваат во областа на борбата против корупцијата, со цел обезбедување на континуитет, партнерска соработка и поттикнување транспарентност во справувањето со овој предизвик.

Кабинетот на ЗПВДВ беше партнер во организацијата на јубилејната 10-та Годишна конференција за координација на безбедноста во Западен Балкан, која се одржа на 11 и 12 ноември 2025 година во Скопје под мотото „Западен Балкан – ЕУ: Заедничка безбедност, заедничка иднина“. Конференцијата беше организирана од Советот за регионална соработка со поддршка од Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи на Италија, а во партнерство со Владата и Кабинетот на ЗПВДВ. На настанот се дискутираше за регионалната безбедност, миграција, организиран криминал и сајбер-закани и беа подготвени конкретни препораки за идните чекори.

Кабинетот на ЗПВДВ, со поддршка на проектот на УНОПС „Поддршка за европска интеграција на Северна Македонија“ (финансиран од Шведска и Швајцарија), го организираше Регионалниот форум „Од политика до импакт“, кој се одржа на 9-10 декември 2025 година во Скопје, по повод Меѓународниот ден за борба против корупцијата. Целта на форумот беше зајакнување на регионалната соработка во борбата против корупцијата, промовирање на размена на успешни стратегии и алатки, дискусија за улогата на институциите и граѓанското општество и презентација на напредокот и предизвиците во имплементацијата на антикорупциските политики.

Од аспект на управување со човечки ресурси во 2025 година, Согласно Законот за административните службеници Генералниот секретаријат на Владата:

- ја спроведе постапката за оценување на административните службеници за 2025 година;
- Подготви Годишниот план за вработување за 2026 година и го достави до Министерство за финансии, Министерство за односи меѓу заедниците и Министерството за јавна администрација;
- ја спроведе постапката за полугодишно интервју на административните службеници за период од 1.1.2025 година до 31.5.2025;
- подготви извештај за реализација на Годишниот план за обуки на административните службеници вработени во Генералниот секретаријат на Владата за период од 1.1.2025 година до 30.6.2025 година;
- подготви Измена на Годишен план за вработување за административните службеници вработени во Генералниот секретаријат на Владата за 2025 година;
- подготви извештај за реализација на Годишниот план за вработување за 2025 година.

Генералниот колегиум на државни секретари, работните тела на Владата и Секторот за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата во текот на 2025 година обезбедија координација и стручна поддршка во делот на прием и дистрибуција на материјали и акти, контрола на комплетноста и зрелоста на материјалите и согласно Деловникот за работа на Владата, материјалите беа проследени за разгледување во владина постапка.

Притоа, во 2025 година Генералниот секретаријат на Владата - Секторот за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата, заклучно со 15.12.2025 година подготви и организира:

- 118 (сто и осумнаесет) редовни седници на Владата и 18 (осумнаесет) тематски седници;
- 44 (четириесет и четири) седници на Генералниот колегиум на државни секретари;
- 44 седници на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, од кои: 43 (четириесет и три) редовни седници и 1 (една) тематска седница;
- 18 (осумнаесет) редовни седници на Комисијата за политички систем и 1 (една) тематска седница.

Во 2025 година Секторот за документација, библиотека и други општи работи, меѓудругото ги реализираше и следните работни задачи:

- заведени се вкупно 51.897 предмети (со основен број и подброеви) од кои 30.748 предмети заведени во Системот за управување со документи и електронска архива (ЦДР) и 21.149 предмети кои имаат основен архивски број добиен преку интеграција со Мултиплатформскиот систем за колаборација за е-седници;
- изготви План на архивски знаци за 2026 година, Листа на архивски материјал за 2026 година и Листа на документарен материјал со рокови на негово чување за 2026 година;
- спроведе ревизија на библиотечниот фонд - согласно Правилникот за начинот на заштита, чување и користење на библиотечниот материјал во Библиотеката на Генералниот секретаријат на Владата со прочистување на библиотечниот фонд заради поточна и поцелосна евиденција на библиотечниот материјал со кој располага библиотеката на Генералниот секретаријат;
- одржуваше состаноци со проектни менаџери од Проект за локална и регионална конкурентност од областа на туризмот и ревизор од Светска банка во врска со обезбедување на дополнителна проектна документација, согласно барањата на ревизијата од Светска банка и во оваа насока беше скенирана документација, согласно барањата на ревизијата од Светска банка (скенирани и доставени во електронска форма 31492 страни од бараната документација).

## 6. ПРОГРАМИ

Генералниот секретаријат на Владата, во периодот 2026-2028 година ќе реализира стратешки програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и цели на Владата на РС Македонија и на приоритетите и целите на Генералниот секретаријат. Во програмите се содржани мерки и активности кои произлегуваат од мисијата на Генералниот секретаријат и нивното остварување треба да значи чекор поблиску до остварување на неговата визија и на утврдените индикатори на успешност.

Во Стратешкиот план се креирани 4 (четири) стратешки програми:

1. **Дигитализација,**
2. **Стратешко планирање,**
3. **Анализа на политиките и координација,**
4. **Добро владеење и транспарентност.**

Во рамките на Програмите, согласно Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии, инкорпорирани се утврдените мерки и активности, содржани во Стратегијата за реформа на јавна администрација, за чие спроведување носител е Генералниот секретаријат.

## 6.1. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

### 6.1.1. План за спроведување на Програма 1 – Дигитализација

| А: Оправданост и дизајн на Програмата | |
|---|---|
| **Образложение:**<br>**Програмата 1 – Дигитализација**, произлегува од **стратешкиот приоритет на Владата** – Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигитална економија, ИКТ сектор, вештачка интелегенција, иновации и стартап екосистем, односно **приоритетната цел**: Обезбедување на гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции преку развој на безбедна владина ИКТ инфраструктура и развој на национална образовна и истражувачка ИКТ инфраструктура. | |
| **НПАА**<br>▪ Област Реформа на јавната администрација<br>▪ 3.10. Информациско општество и медиуми<br>▪ 3.10.2. Услуги на информатичко општество | |
| **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**<br>**Дигитализација и континуирано осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура во Генералниот секретаријат**<br>▪ целосна дигитализација на процесите во Генералниот секретаријат на Владата и<br>▪ одржување и надградба на информациско-комуникациската инфраструктура. | |
| **Цел на Програмата:**<br>Дигитализација на севкупното работење на Владата. | |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>▪ поедноставени процеси во работењето на Генералниот секретаријат како Центар на Владата;<br>▪ зголемено ниво на достапност на ИКТ сервисите;<br>▪ зголемено ниво на безбедност на податоците;<br>▪ имплементирани принципи на добро владеење. | |
| **Програмата е:** ☑ Хоризонтална ☐ Вертикална | |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата:** | |
| **Потпрограма 1: Осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура** | **Показател за успешност:**<br>▪ Обезбедена повисока достапност на ИКТ сервисите<br>▪ Обезбедена поголема искористеност на ИКТ сервисите<br>▪ Поврзан DMS систем со е-влада |

| Потпрограма 2: Надградба на системот е-влада | Показател за успешност:<br>▪ Поврзан електронски систем е-влада со дигиталната архива на ГС CDR)<br>▪ Дигитализирани сите процеси во електронскиот систем е-влада<br>▪ Функционален софтвер за следење на ГПРВ<br>▪ Интегрирани секторски и мулти секторски стратегии во електронскиот систем за стратешко планирање<br>▪ Прегледен електронски регистар на секторски стратегии достапен на јавноста |
|---|---|

| Б: План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 1: Осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура | | | | | | | | | | |
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 1. Надградба на ИКТ инфраструктура во Генералниот секретаријат (Дата Центар) | СИТ | КГС, СФР | 2.2026 | 12.2028 | 3 | 3 | 3 | 247.000.000 | * | * |
| 2. Набавка на софтвер и ИКТ услуги | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 2.2026 | 12.2028 | 3 | 3 | 3 | 55.200.000 | 24.200.000 | 20.000.000 |
| 3. Набавка на лиценци | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 3.2026 | 12.2028 | 3 | 3 | 3 | 266.000.000 | 650.000.000 | 300.000.000 |
| Вкупно активности во 2026 година: 3 | | | | | | | | 568.200.000 | | |
| Вкупно активности во 2027 година: 3 | | | | | | | | | 647.200.000 | |
| Вкупно активности во 2028 година: 3 | | | | | | | | | | 320.000.000 |
| Вкупно активности за Потпрограма 1: 9 | | | | | | | | | | 1.534.400.000 |

| Потпрограма 2: Надградба на системот е-влада | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 1. Дигитализација на процесите на е-влада | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 2.2026 | 12.2028 | 4 | 4 | 4 | * | * | * |
| 2. Надградба на модулот за следење на ГПРВ | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 2.2026 | 12.2028 | 5 | | | 500.000 | * | * |
| 3. Дигитализација и електронско поврзување на орг. единици за страт. планирање во министерствата и другите ОДУ со ГС | СИТ | КГС, ССПС, ОДУ | 1.2026 | 12.2028 | 4 | 4 | 4 | 1.000.000 | 2.000.000 | * |
| 4. Интегрирање на секторските и мулти секторските стратегии во е-влада (модул за стратешко планирање) | СИТ | КГС, ССПС, ОДУ | 2.2026 | 12.2028 | 5 | 5 | 5 | 2.500.000 | 2.500.000 | * |
| 5. Обуки за административни службеници/корисници на системот е-влада | СИТ | КГС, СНПР, СЧР, сите министерства, ОДУ | 5.2026 | 12.2028 | 3 | 3 | 3 | * | * | * |
| 6. Електронско поврзување на организационите единици за стратешко планирање во министерствата и | СИТ | ССПС | 7.2026 | 12. 2028 | 5 | 5 | 5 | 2.500.000 | 2.500.000 | * |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| другите органи на државна управа со Генералниот секретаријат | | | | | | | | | | |
| 7. Надградба на е-Влада - модул Стратешко планирање (електронско следење на спроведувањето на ГПРВ; интегрирање на секторските и мулти секторските стратегии во модулот; воведување на електронски регистар на секторски стратегии) | ССПСНРС | СИТ | 7. 2026 | 12. 2028 | 5 | 5 | 5 | * | 3.000.000 | * |
| 8. Надградба на системот е-Влада, дигитализација на процесите во е-Влада; Поврзување на е-Влада со дигиталните платформи: е-Парламент, НПАА и ЕНЕР) | СИТ | СОР, МЕП, Сл. Весник, МЈА, СРСМ | 7. 2026 | 12. 2028 | 3 | 3 | 3 | 2.500.000 | * | * |
| **Вкупно активности во 2026 година: 8** | | | | | | | | **9.000.000** | | |
| **Вкупно активности во 2027 година: 8** | | | | | | | | | **10.000.000** | |
| **Вкупно активности во 2028 година: 8** | | | | | | | | | | ***** |
| **Вкупно активности за Потпрограма 2: 24** | | | | | | | | | | **19.000.000** |

## 6.1.2. План за спроведување на Програма 2 – Стратешко планирање

<table>
<tr><td colspan="2">А: Оправданост и дизајн на Програмата</td></tr>
<tr><td colspan="2">Образложение:<br>Програмата 2 - Стратешко планирање, произлегува од стратешкиот приоритет на Владата – Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелигенција, иновациите и стартап екосистем, односно приоритетната цел: Стручна, професионална и департизирана администрација.</td></tr>
<tr><td colspan="2">НПАА<br>▪ Област Реформа на јавната администрација</td></tr>
<tr><td colspan="2">Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>Зајакнување на интегрираниот систем на стратешко планирање, со ефективна координација и обезбедена меѓусебна усогласеност меѓу планските документи на институциите<br>▪ Создавање одржливи капацитети и ефикасна соработка меѓу организационите единици за стратешко планирање<br>▪ Обезбедување целосна усогласеност на 80% од секторските стратегии со утврдените стандарди за квалитет, во период од 3 години<br>▪ Зајакнати процеси и капацитети за подготовка и следење на годишната програма на Владата<br>▪ надградба на е-Влада – со доразвиен модул Стратешко планирање со опфат на долгорочното, среднорочното и годишното планирање и следење на спроведувањето и известувањето<br>▪ развивање на среднорочното програмско планирање<br>▪ Воспоставен функционален систем за следење, известување и оценување на Националната развојна стратегија 2024–2044</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел на Програмата:<br>Унапредување на кохерентноста на системот на долгорочно, среднорочно и краткорочно планирање.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показатели за успех на Програмата:<br>▪ Број на стратешки програми на органите на државната управа кои се во функција на конкретните стратешките приоритети и цели на Владата<br>▪ Број на секторски и мулти секторски стратегии кои се во согласност со утврдени критериуми со секторско планирање<br>▪ Број на секторски и мулти секторски стратегии кои се во функција на конкретните стратешки приоритети и цели на Владата<br>▪ Зголемена ефикасност при подготовката на ГПРВ<br>▪ Зголемена ефикасност при следењето на спроведувањето на ГПРВ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Програмата е: " Хоризонтална ☐ Вертикална</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потпрограми (компоненти) од Програмата:</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 1: Поврзување на процесот на стратешко планирање со буџетскиот процес</td><td>Показател за успешност:<br>▪ Донесен Стратешки план, Годишниот план за работа на ГС</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | ▪ Број на анализирани секторски стратегии од аспект на утврдената форма и содржина со барање на Методологијата за секторски стратегии<br>▪ Број на подготвени мислења по нацрт годишниот извештај за спроведување на стратегијата<br>▪ Број на анализирани Нацрт-стратешки планови на министерствата и другите ОДУ кои се во функција на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата<br>▪ Донесена ГПРВ согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на ГПРВ и подготвени извештаи за спроведување на ГПРВ |
| **Потпрограма 2: Јакнење на административните капацитети** | **Показател за успешност:**<br>▪ Број на организирани обуки за административни службеници чија основна задача е стратешко и буџетско планирање и подготовка и следење на спроведувањето на секторските и мултисекторските стратегии<br>▪ Број на административни службеници кои ги следеле обуките за секторско планирање |
| **Потпрограма 3: Поддршка и следење на спроведувањето на Националната развојна стратегија 2024-2044** | **Показател за успешност:**<br>▪ Функционална управувачка структура за НРС<br>▪ Воспоставен систем за следење, известување и оценка на НРС<br>▪ Подготвен и донесен Годишен извештај за спроведување на НРС<br>▪ Степен на реализација на НРС 2024-2044 |

| **Б: План за спроведување на програмата** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма 1: Поврзување на процесот на стратешко планирање со буџетскиот процес** | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 1. Финализирање на Стратешкиот план на ГС 2026-2028 | ССПСНРС | | 1.1.2026 | 15.01.2026 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Подготвување на Годишен план за работа на ГС | ССПСНРС | | 15.1.2026 | 2.2026 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 3. Подготвување на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на ГС | ССПСНРС | | 2.2026 | 15.03.2026 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 4. Усогкасување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија со Законот за буџети, согласно Стратегијата за РЈА | ССПСНРС | | 7.2026 | 12.2026 | 8 | / | / | Плати и надоместоци | / | / |
| 5. Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите ОДУ | ССПСНРС | | 7.2026 | 12.2026 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 6. Подготвување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2027-2031 година | ССПСНРС | | 12.2026 | 12.2028 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Донесување на ГПРВ | ССПСНРС | | | 15.01.2026 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 8. Годишен извештај за степенот на реализација на ГПРВ | ССПСНРС | | 1.1.2026 | 31.3.2026 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 8. Полугодишен извештај за степенот на реализација на ГПРВ (за периодот јануари-јуни 2026) | ССПСНРС | | 1.1.2026 | 31.07.2026 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 9. Дополнување на иницијативите во електронскиот систем за подготовка на ГПВРСМ со очекувани влијанија и план за консултации со засегнатите страни | ССПСНРС | | 1. 2026 | 12.2026 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 10. Анализирање и подготвување на мислење по секторските стратегии од аспект на утврдената форма и содржина согласно барањата на Методологијата и Упатството за секторски стратегии | ССПСНРС | | континуирано | континуирано | 7 | 7 | 7 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 11. Подготвување на мислење по нацрт годишниот извештај за | ССПСНРС | | континуирано | континуирано | 7 | 7 | 7 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| спроведување на стратегиите од страна на министерствата | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во 2026 година: 11** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во 2027 година: 10** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во 2028 година: 10** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности за Потпрограма 1: 31** | | | | | | | | | | |

| **Потпрограма 2: Јакнење на административните капацитети** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 1. Организирање и испорака на 10 обуки за административните службеници во министерствата и другите органи на државна управа за стратешко и буџетско планирање (вклучително и за родово одговорно буџетирање) | ССПСНРС | Министерства и ОДУ, МЕП, МФ | 1.2026 | 12. 2026 | 7 | 7 | 7 | 1.340.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 2. Организирање и испорака на 10 обуки за административните службеници во секретаријатите и | ССПСНРС | Министерства и ОДУ, МЕП, МФ | 1. 2026 | 12. 2026 | 7 | 7 | 7 | 1.340.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
